**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Славе Дончев**
**именуван за подрачјето на**
**Кочани,Берово,Делчево и Виница**
**ул. Маршал Тито бр.54/2**
**тел. 033 277-007**

**Образец бр.66**

**И.бр.222/21**

---

Извршителот **Славе Дончев** од **Кочани** врз основа на барањето за спроведување на извршување од **доверителот Стопанска Банка АД Скопје преку полн.адв.Вера Јосифова од Скопје** со седиште на ул.11-ти Октомври бр.7, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.48/12; ОДУ.бр.49/12 од 02.02.2012 на Нотар Јован Ѓорѓовски, против **заложниот должник УЛАК АМБАЛАЖ МАЛЗЕМЕЛЕРИ УРЕТИМ ПАЗАРЛАМА ИТХАЛАТ ИХРАЏАТ САНАЈИ ВЕ ТИЏАРЕТ ЛИМИТЕД ШИРКЕТИ со седиште на Република Турција, Истанбул, Картал, Маало,Џумхуријет Улица,,Мермер,,бр.14**, за спроведување на извршување во вредност 94.496.666,00 ден., на ден 23.11.2021 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: Недвижен имот запишан во Имотен Лист.бр.8398 КО Берово при АКН Берово со следните ознаки:

Лист: В

- КП.бр.215, дел 0, мв. Ушите, бр. на зграда 1, намена на зграда-деловна зграда во стопанството, влез 001, кат ПР, со внатрешна површина од 511м2, сопственост на заложниот должник
  Износ од 5.552.057.оо денари
- КП.бр.215, дел 0, мв. Ушите, бр. на зграда 2, намена на зграда-деловна зграда во стопанството, влез 001, кат ПР, со внатрешна површина од 3947м2, сопственост на заложниот должник
  Износ од 23.507.102.оо денари
- КП.бр.215, дел 0, мв. Ушите, бр. на зграда 3, намена на зграда-деловна зграда во стопанството, влез 001, кат ПР, со внатрешна површина од 33м2, сопственост на заложниот должник
  Износ од 378.455.оо денари
- КП.бр.215, дел 0, мв. Ушите, бр. на зграда 4, намена на зграда-деловна зграда во стопанството, влез 001, кат ПР, со внатрешна површина од 71м2, сопственост на заложниот должник
  Износ од 388.059.оо денари
- КП.бр.215, дел 0, мв. Ушите, бр. на зграда 5, намена на зграда-помошни згради, влез 001, кат ПР, со внатрешна површина од 27м2, сопственост на заложниот должник
  Износ од 268.894.оо денари

- КП.бр.215, дел 0, мв. Ушите, бр. на зграда 6, намена на зграда-трафостаница, влез 001, кат ПР, со внатрешна површина од 111м2, сопственост на заложниот должник
  Износ од 791.447.оо денари
- КП.бр.215, дел 0, мв. Ушите, бр. на зграда 7, намена на зграда- помошни згради, влез 001, кат ПР, со внатрешна површина од 111м2, сопственост на заложниот должник
  Износ од 634.726.оо денари
- КП.бр.215, дел 0, мв. Ушите, бр. на зграда 8, намена на зграда- помошни згради, влез 001, кат ПР, со внатрешна површина од 20м2, сопственост на заложниот должник
  Износ од 193.060.оо денари

која се наоѓа во сопственост на заложниот должник **Улак амбалаж малземелери уретим пазарлама итхалат ихрацат санаји ве тицарет лимитед ширкети** заради наплата на паричното побарување на доверителот **Стопанска Банка АД Скопје преку пол.адв.Вера Јосифова**,

Продажбата ќе се одржи на ден 15.12.2021 година во 13:00 часот во просториите на Извршител Славе Дончев со седиште на ул.,,Маршал Тито,,бр.54/2,Кочани.

**Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр. 222/21 од 10.06.2021 година, а намалена на предлог на доверителот изнесува 31.713.800.оо денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.**

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Залог во корист на доверителот.

Данокот на промет и други такси и трошоци кои ќе настанат по основ на купопродажбата и преносот на сопственоста паѓа на товар на купувачот. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210068434840226 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број МК5013013503330.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен Весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Славе Дончев

Д.-на: Заложен должник, Доверител, Архива

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до надлежниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.